23218



...ski vezani, koji su
...m životnim uslovima,
...bili veoma različiti.
...eoma različitim "li-
...vojim. Ratni period
...n pre rata ili afir-
...samo pomenut u stu-
...etnosti. Nije to uči-
...iti slučajno. Kod
...bilo kroz monogr -

ČLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP
pres-kliping • press-clipping
(Osnovano 1952. godine)
JUGOSLOVENSKA NOVINSKA
AGENCIJA DOKUMENTACIJE
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 60801-601-3289.
Isečak iz lista
Newspaper cutting

СТУДЕНТСКИ ЗБОР
Скопје
22. II. 1977

# СКУЛПТУРА НА МИР-НА НАРАЦИЈА

**Чувството на благо, мирно и ненаметливо раскажување се оформува уште со првите впечатоци при средбата со скулптурите на Илија Лафазановски.** Низ неговорливиот говор на скулптурата, поткрепен од богатиот лиризам на душевните преживувања, уметникот проговорува за своите внатрешни состојби, за своите поимања на светот, на светот на минатото и сегашноста, како и на светот на иднината, воопшто. Тој не така мал зафат на светот на творецот се изразува преку изразните медиуми на теракотата, каменот и мермерот, преку чие уметничко обликување изразува оригинални стварности од животот. Користејќи го најдревниот работен медиум на вајарството, каменот, како и глината, Лафазановски и формално се претставува како уметник на древното, на вечното, но само како одредени тоново содржани низ композициите на современите чувствено-мисловни одредби на авторот. Таа древна предантичка замисленост и необичноста во таа замисленост кој ликовите во неговите скулптури се јавува како решение на творечко доречување, а во исто време и прикривање од дореченост и скривање зад онигмата на своевидниот наивизам кој е карактеристика на спомнатата уметност. Оттука не е без значење и забелешките на Т. Саров дека „скулптурите на Илија Лафазановски, се чини, како да се онаа реминисценција што доаѓа од прастарите времиња на земјава, врежани во длабочините на чувствата, како израз на циклусите низ кои се развивале развојните етапи на човековите цивилизации", особено кога би ја толкувале стварноста преку скулптурите како што се **„Цвеќе"**, **„Обеспокојување"**, **„Во очекување"** и други, а посебно од оние во камен и мермер. Глината, се разбира, дава можности за попрефинети, за понијансирани изразувања.

Во светот на изложените 26 скулптури на Лафазановски убедливо се согледуваат неколку мотивски одредби на авторот, но кон некоја таква попрецизна определба не можат да се сведат сите творби. Во тој поглед јасно се одделува групата од пет скулптури, создавана на мотиви од историското минато на нашиот народ, поточно од НОБ. **„Пат кон слободата"**, **„11 октомври 1941"** што е скица за споменик, **„Февруарски поход"**, **„Македонија 1944"** и **„Победници"** го изразуваат специфичното уметничко разбирање на историската стварност од страна на овој вајар. Тоа се скулптури кои можат да се создаваат, да се пресоздаваат во една монументална форма. Останатите скулптури се почувствителни на вакви разграничувања, меѓутоа, несетувме дека одредени заеднички ноти ги сврзуваат **„Акт"**, **„Починка"**, **„На плажа"** и други. Во таа смисла се открива и подлабоката чувствителност и израз на внатрешните состојби кај **„Зора"** и **„Импресија"**, од една страна и уште поизразената чувствителност кај **„Химера"** и **„Копнеж"** од друга. Може да се рече дека од овие не се дистанцираат многу **„Обеспокојување"**, **„Во очекување"** и **„Мирување"**.

**Н. РАДИЧЕСКИ**

prilikama, p... i ovim neijasn...
čitav niz situ...cija i ...mbijenata gotovo nemogućih za